Живот под сенката на „Краста“: „Мамо, те молам спаси не, тука веќе не се дише“

Македонска Тоскана - вака некои го нарекуваат селото Пчиња, лоцирано во живописната долина на истоимената река, само десетина километри од Куманово. Некогаш познато по чистиот воздух и плодната почва, селото денес води исцрпувачка битка за опстанок. Над него се издигнува депонијата „Краста“, тивкиот убиец кој осум децении сведочи за човечката негрижа и институционалните лавиринти.



Фото: Активен пожар на депонијата Краста, Извор: KumanovoNews

Селото Пчиња брои околу 760 жители. Двесте домаќинства. Речиси секое утро тие се будат со тежок, остар мирис на запалена пластика, хемикалии и гнилеж. Немаат ниту вода за пиење. Купуваат. Оставени сами на себе, како што велат, продолжуваат да се борат за своето основно човеково, но и уставно загарантирано право – на живот. Уверени дека зад сето ова стои профитабилен бинзис и изморени од лажни ветувања, корупција, партиски и политички поткусурувања, веќе немаат никаква доверба во системот. Уште помалку во институциите.

По последниот пожар на „Краста“, жителите на Пчиња изготвија петиција за дислокација и целосно затворање на депонијата. Тоа, според нив, е единственото решение на проблемот.

„Мамо, те молам, спаси не, тука веќе не се дише“

Чадот во селото Пчиња е хронична појава. Кога се шири неподнесливата миризба од депонијата, животот изгледа како сцена од надреален филм - прибрани сите во куќите, со затворени врати и прозорци. Нема детски џагор. Само мачна тишина. Никој не излегува додека интензитетот на смрдеата не се намали. Ако некој има неодложна работа надвор, треба да стави гас-маска. Дури и во сопствениот двор. Тоа, според жителите, е единствената опција за „спас“.

Најблиската куќа е воздушно оддалечена 3,5 километри од „Краста“.

-Тоа е исто како некој да ви испушта токсичен гас дома. Немаме основни услови за живот, зборувам за условите што му се гарантирани со Устав на секој граѓанин во земјава. Загадени ни се и воздухот и водата и почвата. „Краста“ е „стара“ 80 години. И дива е. Порано тука се фрлаше ѓубре само од Општина Куманово, а сега се носи и отпадот од Општина Липково и Старо Нагоричане. По околу 80 тони на ден. Се фрла буквално сѐ - и отпад од животинско потекло и медицински отпад. Тука се закопани и оние 300 свињи што умреа од африканска чума. Имаше еден период, не знам дали ги чувам фотографиите, кога, според наша претпоставка, беше фрлен и некој хемиски отпад од ОХИС. И тоа е минимум што знаеме, вели Стојан Стојковски од село Пчиња, активист и претседател на здружението „Еко-Пчиња“.



Фото: Село Пчиња од воздух; Извор: Wikipedia.org

Се случува, вознемирено додава Стојковски, овци, кози и свињи да пасат на депонијата, но и кучиња што шетаат околу, да ги разнесуваат закопаните животни умрени од некоја заразна болест.

-Решение е целосна дислокација, затворање, да немс тука ни претоварна станица, зашто таа претоварна станица повторно ќе се претвори во депонија и повторно ќе чади. Немаме веќе доверба во никого, ниту во институциите, ниту во власта, зашто се што кажаа – излажаа. Државата до сега не исполни ништо од тоа што кажа. Не е ова политички, да не се сфаќа така. Зборувам за сите партии наназад, па и за Југославија. Луѓето имаат трауми од ѓубрето, камионите не ставаат цераци, отпадот лета по пат додека стигне до депонијата. Сакам да развивам туризам – но, добивам шамар од општината, од власта. Ако донесам турист од Холандија, депонијата чури, не можат да

дишат луѓето. Доколку не се реши проблемот со депонијата – се пакувам и си одам, дополнува Столе.

Неговата сожителка Жељка Диклиќ Илиевска, исто така активист, чија куќа е во непосредна близина на „Краста“, споделува потресни сведоштва.

-Моравме да одиме на пат, зашто работиме во Хрватска. Тргнавме. По околу 24 часа, ноќта, добив порака од ќерка ми – „Мамо, те молам спаси не, тука веќе не се дише“. Замислете како е да доживеете такво нешто? Имаше и уште една ситуација. Се враќаме од пат во 3:00 часот наутро и на синот му велиме: „Остави клуч“, а ќерката ни рече: „Не се грижете, мамо, јас сум будна. Кога ќе дојдете, извадете ги само работите. Ќе отклучам, за веднаш, брзо да влезете, да не ни влезе чад дома“. Ние, бидејќи немавме многу багаж, кога стигнавме, ги ставивме рачната торба и куферот до врата. Синот и ќерката не чекаат, отклучуваат, ние влегуваме и затвораме врата, раскажува Диклиќ Илиевска.

„Каде да купиме воздух кога не се диши?“

Најголемиот кошмар за жителите на Пчиња почнува во летните месеци, но не престанува ниту во зима. Депонијата често гори - некогаш поради самозапалување на депониските гасови (метан) предизвикани од распаѓањето на органскиот отпад, а некогаш е и намерно запалена за да се намали волуменот на сметот и да пристигнат нови камиони со ѓубре.



Фото: Депонија Краста во пламен

- Буквално не тераат да се иселиме, а селото е преубаво. Тука живеат млади, умни, вредни луѓе, способни. Имаме и основно училиште во кое настава посетуваат околу 70 – 75 дечиња. Ова е геноцид или, поточно, екоцид. Јас сакам тука да живеам. Мојот сопруг тука изградил куќа. Кого и како загрозувам со желбата да останам овде? Купуваме вода за пиење веќе 20 години. Кога дојдов тука мислев дека тоа ми е најголемиот проблем, но сега си велам – „каде да купиме воздух кога не се диши?“. Сфаќам дека водата и не ни е толкав проблем, колку што е проблем воздухот, нагласува Жељка.

Според неа, иако депонијата постојано „работи“ и практично е „неизгасната“, ретко има и периоди кога се диши.

-Некогаш огнот/димот е поголем, некогаш помал, некогаш кога врне дожд се гасне. Два дена чади, па еден ден си мирен или попладне има чад, наутро нема и обратно. Зависи многу и како струи воздухот. Кога ќе дувне северен ветер - ние сме на удар, кога ќе дувне јужне ветер - Куманово е на удар. Ако е мирно, чадот се спушта кај нас во селото, објаснува активистката.

Нашите соговорници укажуваат дека на „Краста“ уште тлее жарот од пожарот пред три години, но и покрај тоа, упорно се фрла ѓубре.

-Поминуваш на 20 метри од депонијата - жари, пече како да си до неа. Толку се силни пожарите, а проблем е што не се знае што гори. Пред три години имаше огромен пожар, цела депонија гореше и уште чади од одредени места. Цело време е неизгасната. И сега, наместо кога имаме таква ситуација, да ја блокираат депонијата, да не изнесуваат ѓубре, повторно се фрла ѓубре на жарот. Новото ѓубре повторно се пали и ние, всушност, хронично имаме проблем со димот. Посебно во делот каде што живее Жељка, не се излегува навечер, не можеш воздух да земеш, толку е загадено, потенцира Стојковски.

Загадување на три фронта - воздух, почва и вода

„Краста“ не го загадува само воздухот. Токсична е и за реката Пчиња, како и за почвата. При секој дожд, водата поминува низ брдото со отпад, собирајќи тешки метали (олово, кадмиум, жива) и отровни хемикалии. Потоа, без никаков филтер или заштитна фолија на подлогата, навлегува директно во подземните води и завршува во реката Пчиња. Селаните кои со генерации се занимаваат со земјоделство и сточарство се исплашени. Дел од нив ги користат бунарите за наводнување на нивите со зеленчук. Не знаат дали и во која мера е затруена храната што ја произведуваат и ја продаваат на пазарите во Куманово и Скопје, велат Жељка и Стојан.



Фото: Река Кумановка ; Извор: Интернет

-Воздухот ни е загаден од депонијата, но и водата - дел е загадена од „Краста“, а дел од реката Кумановка во која ѓубре (сè живо и диво) фрлаат жителите на ромската населба која се наоѓа долж оваа река. Кумановка се влева во Пчиња и така ја загадува. А ние тука, мора да напоменам, немаме ни водовод, ни канализација. Таа вода, фактички, и речна и вода од депонијата, ја користиме како техничка и вода за пиење. Да не зборувам дека дополнително загадување имаме и од каменоломите кои добиваат концесии, нагласува Столе.

Тој е дециден дека досега не се правени анализи на квалитетот на водата во Пчиња.

- Ние купуваме вода за пиење. Носам од кај една пријателка од Куманово. Во дефицит сме и со водата за техничка употреба, па едно 100 дена од годината алишта перам кај мајка ми, 30 километри, село Војник. Носам, враќам. Произведуваме храна во двор, а сме на директен удар. Имаме кајсии оваа година, се прашувам што да правиме со нив.

Дали да ги јадеме. Првите домати ги изедовме. На сопствен ризик. Веруваме дека најлон-фолијата колку-толку штити, додава Жељка.

Жителите на Куманово се камикази – знаат колку е сериозен проблемот, а не се бунат да се реши

Столе е уверен дека кога кога е прашање Пчиња, сите институции ја заобиколуваат водата - не го испитуваат нејзиниот квалитет.

-Се надевам дека со овој притисок што ќе го направиме, можеби и ќе обрнеме внимание на институциите да почнат да испитуваат колку ни се квалитетни водата, воздухот и храната која, всушност, и тие ја јадат. Сите сме во ист кош. На пазарот завршуваат производи од тука и ги јадат и други луѓе. На пазарот во Куманово, ако некој производ е од Пчиња или Студена Бара сите се грабаат да го купат, дури и прекупците лажат, велат дека нивниот производ е од Пчиња. Имаме медитеранска клима од реката, многу убави производи, стари семиња, вкусови од детството, расад. Но, свеста кај луѓето уште не е развиенна за да знаат колку е алармантна ситуацијата. Земјоделците живеат од тоа, а сега, практично, нудат контаминирани производи под наводно врвен квалитет. Бараат да се реши проблемот, но институциите немаат слух. За жителите на Куманово што да кажам: Тие се камикази – знаат колку е сериозен проблемот, но не се бунат да се реши. Мал дел сега потпишаа петиција, а 80 години каде беа?, потенцира Стојковски.

Борбата продолжува

Здружението „Еко-Пчиња“ три години формално (правно) се обидува да излезе на крај со проблемот „Краста“. Активностите досега најдалеку стигнале до вонредниот совет на Општина Куманово.
По последниот пожар на „Краста“, и околното население како да се „подразбудило“, па ја поддржало петицијата за дислокација на депонијата. Собрани се потписи не само од жителите на Пчиња, туку и од жители на уште 10-на села: Студена Вода, Вакав, Винце, Долно Коњаре, Средно Коњаре, Биљановце,.... Петицијата ја потпишале и граѓани од неколку населби во Куманово, а ќе биде поднесена до Владата, Народниот правобранител и Министерството за животна средина.



Фото: Протест на локални жители; Извор: Телма Тв

-Сите состаноци и ветувања што сме ги имале од надлежните, завршувале со лага на крај. Јасно е како функционира сè кај нас - корумпирано. Од дете памтам дека постојано имаше блокади на депонијата, но сите завршуваа со празни ветувања, што не се исполнуваа. Нашето здружение „Еко-Пчиња“ е формирано за да можеме малку и

правно да делуваме. И нашите претходници се бореле, но на друг начин. Сега ние поинаку се обидуваме. Предлагаме затрупување на ѓубрето со земја, поставување воден систем што би спречил палење на депонијата, земање некоја прашина што при големи пожари треба да се расфрла или пена која ќе го изгасне пожарот, бактерија што го разградува органското ѓубре и не дозволува да се создаде метан, нагласува Столе.

Сомнеж дека се работи за корупција и личен интерес во случајот „Краста“, има и друг жител од селото Пчиња, кој сакаше да остане анонимен. Според него, единствен проблем е политиката. Тој е уверен дека „обичните луѓе“, колку граѓански здруженија и да формираат, не може да влијаат врз креирањето на политиките, одлуките и решенијата.

- Никој не сака да каже дека ова е проблем и тоа е, всушност, проблемот. Тие што треба да го решаваат и што се за тоа платени, не сакаат да го решат. Молчат оние во локалната и централната власт, за да им врви работата. Ќе добијат работно место или нешто друго, диплома на пример од некој универзитет и ќутат. Тоа е проблемот. Не е дека нема решение, но за некој ова е профитабилен бизнис. Затоа никој не сака да се зафати со проблемот. Локалните самоуправи свесно го прават ова. Јас ја сакам државава, но не ги сакам властите, ги исклуччија месните заедници (како правно лице) од политичкиот живот, од решавање на пробелмите и прашањата. Ние знаете колку здруженија можеме да формираме? Но, залудно, зашто обичниот човек нема пристап во креирањето политики. Ова е се политички и се крои во некои си штабови, во некакви канцеларии. Секои четири години се прави избор или реизбор на месни заедници. Како? - се бираме сами: Ивица, Жељка, овој, оној – и велиме: „вие ќе ми ја кочите ситуацијата ако чади депонијата, а ние ќе ве избереме тука во штаб. Ние ќе дојдеме таму со советник на официјалне состанок, а вие ќе бидете месна заедница“ - иако тоа не постои како правно лице, не е правна форма, туку е неформална групација. Извинете што сум искрен, но, така функционира работата, истакнува жителот на Пчиња.

Институционален пинг-понг, бирократски лавиринти, администрација побавна од распаѓањето на отпадот или лажни ветувања?

Низ годините, жителите на Пчиња организираа протести, поставуваа блокади за камионите на ЈП „Чистота и Зеленило“ и бараа(т) итна дислокација или модернизација на депонијата. Одговорите од надлежните се секогаш исти: ќе се изгради регионална фабрика за отпад во рамки на Источниот и Североисточниот регион (проект кој со години се одложува поради административни лавиринти и локални отпори), ќе се засили инспекцискиот надзор на депонијата, ќе се обезбеди земја за затрупување и потиснување на пожарите,...

Реалноста на терен покажува дека решенијата се само привремени, додека суштинскиот проблем останува. Како што велат Столе и Жељка, само кога се врши медиумски притисок, има реакција од властите, но тоа кратко трае. Додаваат и дека надлежните се ажурни само пред избори – тогаш презентираат програми и ветуваат, но потоа повторно молк - се стивнува, само чадот од „Краста“ никако да стивне.

-Во јануари бевме во АД „Водовод“, зашто Општината постојано ни вели: ние не сме надлежни за водата во Пчиња, надлежни се АД „Водовод“. Одиме во „Водовод“, ни велат: ние сме синот, таткото е Општината. И така не шетаат. Стално сме на состаноци, но без решенија. Претходно, во декември, преку здружението „Мајка“ каде што сум член, го изложив проблемот со питка вода во републичкото Собрание. Пристап имав таму зашто настанот беше организиран со странска поддршка, преку одредени фондации, преку ЕУ, преку Шведска амбасада, децидна е Жељка.

МЖСПП: По отворањето на регионалниот систем во Мечкуевци ќе се реши деценискиот проблем со „Краста“

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е децидно, дека по отворањето на регионалниот систем во Мечкуевци ќе се реши деценискиот проблем со депонијата „Краста“. Според Министерството, јавноста е активно вклучена во сите фази на подготовката на овој проект. Организирани се јавни расправи уште во фазата на планирање, како и во постапката за подготовка на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

-Покрај тоа, потпишани се договори со сите општини од Источниот и Североисточниот регион кои учествуваат во проектот, вклучително и Општина Свети Николе. Реализирани се бројни состаноци со општините, јавните комунални претпријатија, невладиниот сектор и центрите за развој на планските региони. Претставници на општините и јавните комунални претпријатија се директно вклучени и во тековната евалуација на понудите преку учество во тендерската комисија, што обезбедува транспарентност и активно учество на засегнатите страни, велат од МЖСПП.

Проектот опфаќа воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот плански регион. Предвидена е изградба на Централна постројка за управување со отпад во Мечкуевци, Општина Свети Николе, која ќе вклучува постројка за селектирање отпад, механичко-биолошки третман (МБТ), санитарна депонија, постројка за компостирање и зелен пункт. Дополнително, ќе бидат изградени шест локални капацитети – претоварни станици, постројки за компостирање и зелени пунктови во Штип, Виница, Куманово, Македонска Каменица, Берово и Ранковце.

-Во тек е тендерската постапка за доделување на договорите за градба (Лот 1 – Централна постројка во Мечкуевци и Лот 2 – претоварни станици). Претходната тендерска постапка беше поништена на 21 јули 2025 година, бидејќи ниту една од пристигнатите понуди не ги исполни техничките барања и не беше во рамките на предвидениот буџет. Тендерот беше повторно објавен на 15 декември 2025 година, а евалуацијата на понудите започна на 6 април и сè уште е во тек, истакнуваат од Министерството.

Во оваа фаза, додаваат, не може да се даде прецизен рок за ставање на системот во функција, бидејќи тоа зависи од завршувањето на тендерската постапка, потпишувањето на договорите и динамиката на изведбата.

И вредноста на проектот во моментов не може да биде соопштена, зашто тендерската постапка е сè уште во тек. Согласно правилата за јавни набавки, проценетата вредност е доверлива информација до завршување на постапката.

-По пуштањето во функција на Регионалниот систем за управување со отпад во Мечкуевци, целиот комунален отпад од регионот ќе се транспортира до новата централна санитарна депонија. Со тоа ќе се создадат услови депонијата „Краста“ целосно да биде затворена и рекултивирана. Затворањето и рекултивацијата се предвидени да се финансираат со средства од Европската Унија преку ИПА III Програмата за животна средина, децидни се од МЖСПП.

Во, меѓувреме, ситуацијата со депонијата секоја година станува сè поалармантна. „Краста“ ги има надминато своите капацитети уште пред една деценија.

Молк од Општина Куманово

-Депонијата достигна толку голема висина, што воздухот кога струи го носи димот веќе и во град (Куманово). Порано била во пониска зона и воздушните струи оделе кон Пчиња, Сега е веќе речиси израмнета со природната височина на регионот, па димот оди во град и се дигна врева, а досега никогаш никој не нè слушаше, укажува Жељка.

Иако се обидовме, не успеваме да добиеме одговори од Општина Куманово за „Краста“ и регионалниот систем во Мечкуевци. Прашањата беа испратени на 25 јуни, по што стапивме во контакт и со градоначалникот Максим Димитриевски, но до 2 септември, за речиси 2,5 месеци, не добивме никаква повратна информација, освен ветувања дека одговорите се подготвени и ќе ни бидат испратени.

Еколошки парадокс - тивкиот егзодус на Пчиња: Опстанок или раселување?

Според МЖСПП, „Краста“ е класифицирана како депонија со среден ризик по животната средина и здравјето на луѓето.

Првично замислена како „привремено“ решение и локација за одлагање комунален отпад со ограничен капацитет, „Краста“ со текот на годините апсорбираше количини кои далеку ги надминуваат нејзините технички и географски можности.

За разлика од современите санитарни депонии кои користат непропустливи подлоги (геомембрани) за заштита на почвата, „Краста“ е класичен пример на „отворена рана“ во природата. Отпадот се одлага без соодветна примарна селекција и директно на почвата, изложен на атмосферски влијанија.


Доколку државата и локалната самоуправа не пристапат кон итна рекултивација (затворање и еколошко санирање) на депонијата и не воспостават правилен систем за селекција и рециклирање, Пчиња ризикува од живописно и витално село со огромен потенцијал за органско земјоделство и рурален туризам, да се претвори во токсична зона погодна само за отпад.

-Додека ја чекаме изградбата на најавуваната централна регионална депонија во Свети Николе каде требаше да се транспортира и отпадот од Куманово, „Краста“ продолжува да расте и да тлее. Пчиња полека се претвора во еколошки егзодус. Доколку итно не се воспостави 24-часовен надзор (за да се спречат намерните палења од страна на собирачите на старо железо) и не почне итна рекултивација (покривање и затворање) на старите делови од депонијата, последиците по здравјето на луѓето ќе бидат неповратни, предупредуваат еколошките активисти, чие трпение е при крај.

Будни и еко-активистите од источна Македонија - депонијата во Кочани регионална корпа за отпадоци, фабрика за рециклирање отпад се уште нема

Освен жителите на Пчиња, проблем со отпадот има и Кочани. Активистите аалармираат дека во депонијата кај селото Бели се носи ѓубрето од сите околни општини и населени места.

-Ги „собраа“ тука сите депонии, ги донесоа кај нас, а фабрика за рециклирање отпад немаме. Нашата котлина се гуши во ѓубре од сите страни. Сериозно сме заглавени. Другите си ги озеленија површините, а и проектот Мечкуевци многу бавно се реализира. Кај нас сега, буквално завршува сиот отпад, истакнува Ана Симонова, претседател на здружението „Грин.орг“.



Според неа, добро е барем тоа што веќе носењето на ѓубрето од соседните општини е регулирано со наплата, а и депонијата се одржува - се прска со био-алги и има обезбедување, поради што и никој не ја потпалува.

-Тоа беа нашите барања поради кои стоевме на барикадите додека не ни ги исполнија. Немаше повлекување. Ни се закануваа дека ќе го стават градот под карантин и дека доколку се појави некоја заразна болест ние ќе бидеме криви. Сега, кога нема блокади, не дека е нешто многу почисто. Исто е. Но, барем депонијата веќе не ни чади над глава.

Понатаму ќе мора да се бара решение, да се реализира проектот со фабриката за рециклирање. Тоа ни е единствениот спас, нагласува Симонова.

Селектиран отпад завршува на иста депонија

Во врска со селектирањето на отпадот, укажува дека и покрај специјалните контејнери, ѓубрето на крај завшшрува во иста депонија.

- Промени може да има, но, за тоа треба да има системски пристап: поефикасни закони и постапки, реални овластувања за инспекторите, одговорност за непостапување, изградба на центар за управување со отпад и континуирана едукација на населението. Уште многу работи треба да спроведеме, посебно едукација на луѓето за правилна селекција на отпадот. Имаме контејнери, за тоа се изборивме, но граѓаните не гледаат во тоа никаква логика зашто нема каде да се однесе селектираниот отпад. Кога ќе помине ѓубрарката, го собира целиот отпад и потоа, и да е селектиран, го става во еден камион и го носи на истата депонија. И сега ние зошто да селектираме и да рециклираме?, вели Симонова.

Во мај годинава, Општина Кочани реагираше поради направена дива депонија со над 300 метри кубни отпад од несовесни граѓани. Општината упати апел да не се фрла отпад на несоодветни локации. Отпадот беше отстранет за три дена, за што биле ангажирани повеќе од 30 тешки товарни возила.

-Ова што го гледаме не е само нечистотија. Ова е слика за тоа колку се грижиме за местото во кое живееме. Нема институција што може да исчисти доволно, ако неодговорноста продолжи со исто темпо, реагираа надлежните служби на Општина Кочани.

Најмалку 1.000 диви депонии во Македонија

Се смета дека во Македонија има над 1.000 диви депонии и 54 нестандардни (општински) депонии кои се активни, но не ги исполнуваат минималните еколошки стандарди. Предничи Скопје со околу 150 диви депонии.

Надлежните и еколошките здруженија посочуваат дека точниот број постојано варира. Многу од дивите депонии се чистат од страна на општините, но поради несовесно однесување, повторно никнуваат на истите или на нови локации.

Само „Дрисла“, која го опслужува регионот на Скопје и прима приближно 180.000 тони отпад годишно, е во согласност со националното законодавство.

Во ЕУ ретко има случаи на диви депонии и тоа, претежно, во новите земји членки.

Во 2025 година собрани 0.3 % повеќе комунален отпад од 2024 година

Според Државниот завод за статистика, вкупното количество собран комунален отпад во 2025 година во Македонија изнесува 639 668 тони. Споредено со 2024 година,

вкупното количество собран комунален отпад во 2025 година бележи зголемување од 0.3 %. Зголемувањето се должи на зголемениот број населени места вклучени во системот за колективно собирање отпад.

Најголемо количество собран комунален отпад е забележано во Скопскиот регион, 178.953 тони или 28 % од вкупното собрано количество. Од вкупното количество собран комунален отпад, 537.341 тон или 84 % се собрани од домаќинствата, а останатите 16 % од правни и физички лица (комерцијален отпад).

Според видовите отпад, најголемо количество собран отпад е мешаниот комунален отпад, 553.126 тони или 86.5 %, а најмало количество има отпадот од гума, 1.106 тони или 0.2 % од вкупното количество собран комунален отпад.

Вкупното количество создаден комунален отпад во 2025 година изнесува 755.789 тони. Годишното количество создаден комунален отпад по жител во 2025 година изнесува 417 кг, што е за 4.8 % помалку од истото количество во 2024 година.

Најголемото количество собран комунален отпад, 99.8 %, се исфрла на депонија.

План за спречување на создавање отпад на Република Северна Македонија (2022 - 2028)

Македонија во 2022 година донесе План за спречување на создавање отпад во кој се наведени статистичките податоци за 2020 година. Според нив, вкупно биле собрани 630 086 тони комунален отпад, а количеството создаден комунален отпад изнесувало 913.033 тони или 452 кг по жител.

Во Планот се истакнува дека само мала количина од овој отпад се рециклира.

-Собирањето и отстранувањето на цврстиот отпад е одговорност на одделните општини и отстранувањето на отпадот вообичаено се одвива на локално ниво, со депонирање, полагање отпад во или над земјата, без некоја посебна контрола. Депонијата Дрисла, која го опслужува Скопскиот регион, е единствената во земјата која е релативно добро управувана. На општинските (нестандардни) депонии во руралните делови, отпадот едноставно се исфрла од страна на јавните комунални претпријатија (ЈКП), кои ова го прават во името на нивните општини основачи. ЈКП наплаќаат надоместок од граѓаните и правните лица за оваа услуга, но висината на овој надоместок не е доволна да ги покрие реалните оперативни трошоци за управување со отпадот. Главо надоместокот ги покрива трошоците за собирање и транспорт и инцидентно за повремено покривање на трошоците за вода за гаснење на пожарите на нестандардните депонии кои избувнуваат спонтано. Дополнително на ова, преработката на комунален отпад и рециклирањето се многу лимитирани и без организиран пристап; собирањето на материјали кои може да се рециклираат како што се хартија, пластика, акумулатори и др. во најголема мера го спроведува неформалниот сектор. Овие истиот го предаваат за третман на лиценцирани приватни компании. Компостирањето и анаеробната дигестија на биоразградливиот отпад генерално не се

практикуваат во земјата. Нема организиран систем за собирање, рециклирање и отстранување на инертен отпад. Недостига и систем за собирање на отпад од земјоделие и добиток. Постојат само ограничени системи за собирање на отпадни батерии, електрична и електронска опрема, отпадни гуми и масла, пишува во Планот за спречување на создавање отпад (2022 - 2028).

Оваа содржина е изработена со финансиска поддршка од Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ имплементиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во партнерство со Центарот за правни истражувања и анализи, Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија. Содржината е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France.